ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
Бр. 05-463/1
26.12.2025 год.

Врз основа на член 44 од Законот за административни службеници (Сл. Весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и11/18, и Сл. Весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) ВД Директорот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Кочани ја донесе следната

ОДЛУКА

за

Избор на кандидат за вработување по јавен оглас бр.873/2025

1. За извршител за работното место со реден број еден - Шифра - ЗДР 01 02 В03002 Соработник за административно-технички работи, Одделението за материјално-финансиско работење,административно-технички работи и човечки ресурси, се избира кандидатот Елена Данева со идентификациски код 592А14В
2. Именуваниот од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработен на работното место по конечноста на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Образложение

По барање на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Кочани, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр.873/2025 објавен на ден 26.07.2025 во дневните весници „Нова Македонија, „Вечер"и „Коха"и на интернет страницата на Агенцијата, за вработување на административни службеници.
Во врска со јавниот оглас бр.873/2025 од 26.07.2025 година за вработување на администартивни службеници во ЈЗУ Центар за јавно здравје-Кочани, објавен во дневните весници „Нова Македонија, „Вечер"и „Коха"на ден 26.07.2025 година, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со Решение на директорот на Агенцијата бр. 10-1872/9 од 18.11.2025 г. во функција на постапката за вработување ја спроведе постапката за селекција на вработување на административен службеник.

По спроведената постапка за селекција за вработување односно административната селекција - Записник Бр.10-1872/10 од 03.12.2025, Записник од спроведен испит Бр.10-1872/14 од 15.12.2025, и проверка на веродостојност на доказите и интервју -Записник Бр. 10-1872/15 од 19.12.2025, Комисијата изготви конечна ранг листа бр. 10-1872/16/12 од 22.12.2025 г. со предлог на кандидати за вработување. По добиениот Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 873/2025, согласно член 44 став 1 од Законот административни службеници, ВД директорот на ЈЗУ ЦЈЗ Кочани изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Агенцијата.

Доставено до:
- Кандидатот,
- Агенција за администрација,
- Архива

ВД Директор на

ЈЗУ Центар за јавно здравје-Кочани

Спец.Д-р Мартин Павлов